5775.23



ГОДИШНИ НАГРАДИ

# Музејот на современата уметност најдобар

**Наградата особено ни значи што доаѓа токму од организација во која членуваат музејски работници, луѓе од еснафот, вели Елиза Шулевска, директорка на МСУ**



Фото: Бисера СТАНКОСКА

Музејот на современата уметност во Скопје ја доби наградата „Музеј на 2014 година“, што ја доделуваат Македонскиот национален комитет на Меѓународниот совет на музеите ИКОМ. Наградата ќе им биде врачена вечерва во 19 часот во галеријата Чифте амам во скопската Стара чаршија. МНК на ИКОМ традиционално доделува повеќе годишни награди по повод 18 Мај - Меѓународниот ден на музеите.

Според Елиза Шулевска, директорка на МСУ, наградата особено им значи што доаѓа токму од организација во која членуваат музејски работници, луѓе од еснафот.

- Ова е признание за нашата целокупна работа изминативе неколку години. Од почнувањето на санацијата на музејската зграда до конзервацијата на уметничките дела и отворањето на постојаната поставка лани во февруари. Ова е потврда дека успеавме да го оправдаме тоа што е направено пред 50 години, заложбите на тогашните куратори и историчари на уметноста - вели Шулевска.

Таа додава дека МСУ е парадигма на космополитизмот не само на Балканот туку и во светот поради солидарноста на која почива создавањето на уметничката колекција.

- За 14 месеци, откако ја отворивме постојаната поставка, изложбата ја виделе повеќе од 14.000 посетители. На површина од 3.500 квадратни метри се изложени 330 дела од автори од целиот свет. Сите се одушевени од колекцијата на ликовни дела од последните 60 години. Книгата на впечатоци е преполна со одушевувања. Тоа е доволен показател дека нашата работа добро сме ја завршиле. Веќе имаме развиено соработка со амбасадите на Полска и на Франција, од кои дополнително ќе се раѓаат нови проекти - вели Шулевска.



**Елиза ШУЛЕВСКА**

**За 14 месеци, откако ја отворивме постојаната поставка, изложбата ја виделе повеќе од 14.000 посетители. На површина од 3.500 квадратни метри се изложени 330 дела од автори од целиот свет**

Македонскиот ИКОМ додели и награда за музејски проект на годината - на Перо Арџанлиев, виш кустос за хеленистички период во Археолошкиот музеј на Македонија. Тој е награден за проектот „Златното лице на непознатиот македонски крал, Македонците и Келтите од брегот на Охридското Езеро – Судир на култури“. За музејски работник на годината е прогласена Лилјана Мангароска од Музејот на Македонија.

Проектот „Допри ја културата - почувствувај ја уметноста“ од Заводот и музеј од Охрид и одговорниот Горан Патчев ќе добијат пофалница во категоријата музејски проект на годината (поткатегорија - проекти осмислени за посебни целни групи). За најдобар надворешен музејски соработник се прогласени авторите на емисијата „Културна матрица“ која се емитува на телевизијата „24 вести“. (В.И.И.)

„Ѕвонарот...“ од Софија го отвора